# Кодекс за заштита на приватноста на Интернет

Заштитата на личните податоци е фундаментално човеково право.

Сопствениците на веб-сајтовите се контролори на личните податоци на нивните корисници. Нивна обврска е да ги почитуваат начелата за заштита на личните податоци и одредбите на Законот за заштита на личните податоци.

Овој Кодекс претставува алатка која се заснова на начелата врз кои е донесен Законот за заштита на лични податоци на РМ („Службен Весник на Република Македонија“ бр.07/05, 103/08 и 124/10)

## Принципи на однесување

Концептот за заштита на приватноста мора да биде интегрален дел од процесот на сите видови присуство на Интернет,

- од креирање и одржување сопствени веб-сајтови,
- преку употреба на социјални медиуми и објавување податоци во форма на коментари на туѓи страници или форуми,
- до директни форми на комуникација како разговор и е-пошта.

Сопствениците на веб-сајтовите имаат право да објават политика за приватност со која ќе ја покажат својата грижа кон корисниците и посетителите на нивниот веб-сајт.

Почитувајќи ги своите обврски, сопствениците на веб-сајтовите ќе придонесат за создавање на потранспарентна дигитална средина во која ќе се почитува правото на приватност на секој корисник.

**Врз основа на овие принципи и етички вредности, сопственикот на веб-сајтот:**

1. Јасно ќе објасни кои видови податоци ги собира од своите корисници и за кои цели ќе ги користи собраните податоци.
2. Ќе обезбеди согласност од страна на корисниците пред започнување на собирање, обработка или пак објавување на личните податоци кои корисникот треба да ги открие заради добивање на конкретна услуга од тој веб-сајт.
3. Прецизно ќе им објасни на своите корисници на кој начин ќе ги споделува податоците за нив со трети корисници.
4. Ќе објасни што е тоа што го прави нивниот сервер и онлајн операциите сигурни и што воопшто прави за да ги заштити личните податоци на корисниците.

5. Ќе овозможи корисниците да почнат или да престанат да добиваат електронски пораки преку обезбедувањето на Opt-in и Opt-out опциите.

6. Ќе даде право на корисниците да пристапат до нивниот личен профил или корисничка сметка и ќе им даде можност самите да го избришат.

7. Ќе им даде на корисниците можност да ги гледаат и по потреба да ги изменат нивните податоци.

8. Ќе ги информира корисниците доколку постојат линкови од неговата до други веб-сајтови и одговорноста која произлегува од тоа.

9. Ќе објасни како се постапува со електронските пораки добиени од корисниците.

10. Ќе им даде на знаење на корисниците дали и како користи кукија и серверски логови.

11. Јасно ќе објави дали содржината на веб-сајтот е соодветна за малолетни лица.

12. Ќе објасни дали веб-сајтот користи екстерни бројачи на посетители и ако користи ќе даде информации за тоа кои се тие.

13. Ќе ги информира корисниците за измените во политиката за приватност, како да пристапат до тие измени и како да ги ажурираат своите податоци во согласност со тие измени.

14. Ќе ги информира корисниците со кого да контактираат кога имаат прашања поврзани со нивната приватност.

15. Ќе ги објави сите овие податоци во дел - политика на приватност до која корисниците лесно можат да пристапат и да ја разберат.

**Завршни одредби:**

Сопствениците на веб-сајтовите кои работат во согласност со овој Кодекс ја уживаат поддршката на својата заедница како и на Дирекцијата за заштита на лични податоци.

За почитување на принципите на овој Кодекс се грижи Дирекцијата за заштита на лични податоци.

Корисниците кои сметаат дека политиката на приватност не ги следи принципите за заштита на личните податоци и дека нивните лични податоци можат да бидат или се злоупотребени, тоа можат да го да пријават во Дирекцијата за заштита на личните податоци.